**КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ**
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**KOMISIONI I LETRAVE ME VLERË**
I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
**SECURITIES AND EXCHANGE COMMISSION**
OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

# ПРАВИЛА
# ЗА ПРАВОТО НА ПРИСТАП И ИСПРАВКА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ ОД СТРАНА НА СУБЈЕКТОТ НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

**Скопје, јуни 2021 година**

Врз основа на член 25 од Статутот на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија бр.01-630/1 од 10.06.2019 година и членовите 19, 20, 21, 22, 25 и 26 од Законот за заштита на личните податоци (Службен весник на Република Северна Македонија бр.42/2020), Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија на седницата одржана на 07.06.2021 година донесе

# ПРАВИЛА

## за правото на пристап и исправка на личните податоци од страна на субјектот на личните податоци

### Цел

### Член 1

Со овие Правила се дефинира постапката за пристап на субјектот на личните податоци до сопствените лични податоци кои ги обработува Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Комисијата) за соодветни потреби согласно одредбите од Законот за заштита на личните податоци, како и нивна исправка и бришење.

### Подрачје на примена

### Член 2

Овие Правила се применуваат за личните податоци со кои располага Комисијата и кои се содржани во збирките на личните податоци кои се пријавени во електронскиот регистар на збирки на лични податоци кој го води Агенцијата за заштита на личните податоци.

### Права на субјект на лични податоци

### Член 3

Субјектот на личните податоци:

- има право да добие од Комисијата потврда дали се обработуваат неговите лични податоци и доколку се обработуваат да добие пристап до личните податоци, како и до следниве информации:

- целите на обработката;

- категориите на лични податоци кои се обработуваат;

- категориите на корисници на кои се откриени или ќе бидат откриени личните податоци;

- предвидениот рок за кој се чуваат личните податоци;

- постоењето на право да се бара исправка или бришење на личните податоци;

- кога личните податоци не се собираат од субјектот на личните податоци изворот на истите;

- дали неговите лични податоци се пренесуваат во трети земји или меѓународни организации.

- има право на исправка на неговите лични податоци во рок од 15 дена од поднесување на барање до Комиисјата (Образец – Барање за пристап или исправка на лични податоци кој е составен дел на овие Правила);

- има право да побара од Комисијата да ги избрише неговите лични податоци во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето (Образец – Барање за пристап или исправка на лични податоци кој е составен дел на овие Правила) ако е исполнет еден од следните услови:

- личните податоци веќе не се потребни за целите за кои биле собрани;

- субјектот на личните податоци ја повекува согласноста за нивна обработка;

- субјектот на личните податоци поднел приговор на обработката на личните податоци согласно Закон;

- личните податоци биле незаконски обработени.

**Постапка**

**Член 4**

Субјектот на личните податоци за пристап до личните податоци или нивна исправка или бришење доставува до Комисијата барање електронски или во архивата (Образец – Барање за пристап или исправка на лични податоци кој е составен дел на овие Правила).

Доставеното барање од субјектот на личните податоци го разгледува и по него постапува офицерот за заштита на личните податоци и овластеното лице во Комисијата кое има пристап и ги обработува личните податоци на субјектот.

Врз основа на поднесеното барање, субјектот добива одговор на содржината на неговиот интерес, му се дозволува пристап или исправка на личните податоци, му се објаснува процесот на обработка на податоците и слично. Одговорот на барањето за пристап до личните податоци се доставува до субјектот на личните податоци електронски или во материјална форма во рок од 15 дена од денот на прием на барањето, додека одговорот на барањето за измена или бришење на личните податоци се доставува до субјектот на личните податоци електронски или во материјална форма во рок од 30 дена од денот на прием на барањето.